Република Северна Македонија

**Министерство за спорт**

Архивски знак: 1403
Рок на чување: 5 год.
20 30 година
Потпис,

ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**

Број: 14-2275/2

Датум: 29.09.2025 година

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Тениска федерација на Македонија | |
| Седиште/адреса на субјектот | Плоштад свети Кирил и Методи бр. 52В-1/4, Скопје | |
| Адреса за е-пошта | contact@tfsm.mk | |
| Телефон | 070/233-243 | |
| Матичен број на субјектот | 4693833 | |
| Даночен број на субјектот | 4030993247686 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Александар Ивановски - Претседател | 075/363-654 | contact@tfsm.mk |
| | | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | 2. ВОНРЕДЕН | | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 25.09.2025 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.09.2025 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12:00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 10.2 Спортско здружение<br>94.12 Дејности на струкови организации врз база на зачленување | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. **месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Септември 2025 година;**
2. преставка ;
3. записник/решение за извршен инспекциски надзор број __________ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Васе Ефтимов – Советник Инспектор за спорт
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________
4. ____________________________________________

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. **Согласно месечниот план број 14-2152/2 од 01.09.2025, за работа на секој инспектор на Инспекциската служба-одделение за инспекциски надзор во спортот при Министерството за спорт, како и согласно Известување до Тениска федерација на Македонија заведено во Министерство за спорт под бр. 14-2275/1 од 02.09.2025 година, планиран е Редовен инспекциски надзор во Тениска федерација на Македонија;**
2. Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

3. **Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,**

4. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Горан Шевченко – Спортски директор | 070/300-075 | contact@tfsm.mk |
| Елена Никодиновска Аџар, Технички секретар | 072/246-296 | contact@tfsm.mk |
| | | |

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |

8) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Во прилог беа доставени следните документите:

- Тековна состојба на ТФСМ
- Статут на ТФСМ

EGZEMPLARI ARKIVOR

- Решение за вршење дејност спорт за ТФСМ
- Билтен – Календар на национални турнири – национален систем на натпревари за 2024
- Записник од последно одржано Собрание и листа на членки со право на гласови
- Одлука за комитетите и нивните претседатели
- Листа на лиценцирани тренери за 2024
- Регистар на клубови членки на федерација со податоци за Решенија за вршење дејност спорт

***Напомена: субјектот на надзорот побара одредени нивни предлози да влезат во записникот:***

„Со оглед на значењето на стручното и професионално работење во спортот, како и обврската за обезбедување квалитетен и безбеден тренажен процес за спортистите, Ве замолуваме да извршите проширување на инспекцискиот надзор и на терен – по клубовите членки на ТФСМ.

Барањето се однесува на:

1. Контрола на тренерите на терен, во рамки на клубовите што членуваат во федерацијата.
2. Проверка на нивната едукација и стручна подготовка (дали поседуваат соодветна диплома/сертификат).
3. Утврдување на статусот на лиценцираност, односно кои тренери се лиценцирани согласно важечките прописи и правила на федерацијата, а кои не.

Сметаме дека ваквиот надзор ќе овозможи:

- Подобрување на квалитетот на тренажниот процес;
- Зголемување на безбедноста на младите спортисти;
- Почитување на стандардите и критериумите утврдени од страна на Министерството за спорт и Тениската Федерација;
- Подигање на вкупното ниво на тенискиот спорт во Република Северна Македонија.

Често се случува да тренерите не вложуваат во својата едукација, која мора да е континуирана (а подразбира учество на мин 1 семинар, обука, конференција и сл. на годишно ниво и надградување на своето знаење). Голем број има и тренери кои немаат ни базична обука -Играј тенис , а работат и „едуцираат" деца на терен.

На сите клубови членки треба да им се наложи:

1. Сите тренери треба да имаат извршено едукација од Тениската Федерација признаена од Меѓународната Тениска Федерација (ИТФ) .
2. До крајот на 2025 година сите тренери да го извршат своето лиценцирање согласно правилникот на тренерски комитет и тениските тренери, а од 2026 задолжително да присуствуваат на

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

лиценцирани семинари организирани од Тениската Федерација на Македонија согласно правилникот на тренерски комитет и тениските тренери со цел продолжување на лиценцата за 2027 година.

3. Сите клубови треба до крајот на годината да ги обезбедат сите документи за издавање на лиценца за (спортска) тениска школа согласно Законот за спорт (на нашиот повик до клубовите за достава на потребната документација за издавање лиценца за тениска школа повратен одговор имаме од 11 клубови)".

Согласно извршениот увид во доставените документи кои се предмет на овој надзор утврдено е дека Тениската федерација на Македонија работи согласно Законот за спортот.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. **не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;**

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Согласно горенаведеното во записникот инспекторот за спорт ја запира постапката согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 102/2019 и 272/2024).

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

11) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

_______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: 29.09.2025 | | Датум: 29.09.2025 | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

_______________________________________________

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR